Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на дел од дневните настани 06.04.2023

На 05.04.2023, полициски службеници Одделението за безбедност на патниот сообраќај Неготино во координација со СВР Велес – ОВР Неготино – Одделение за недозволена трговија со дрога и оружје и Одделот за криминалистичка полиција – Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи ги лишиле од слобода Б.А.(37) од с.Буковиќ, општина Сарај, М.А.(21) од с.Копаница и Н.А.(18) од с.Буковиќ. При преглед во патничко возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал Б.А., биле пронајдени четири патни торби со вкупно околу 100 килограми висококвалитетна марихуана во вредност од околу 300.000 евра, која најверојатно потекнува од фабрика за производство на масло од канабис за медицински цели, а која при улична продажба би достигнала цена од 600.000 евра. Имено, околу 20.00 часот на бул.„Маршал Тито" во Неготино, полициски службеници дале наредба за запирање на возило „шкода октавија" со скопски регистарски ознаки, но возилото не застанало, а веднаш потоа било запрено патничкото возило „мерцедес". Притоа, возачот Б.А. се обидел да избега, но набргу бил фатен, а при преглед во возилото била пронајдена дрогата. Набргу, по преземени мерки било пронајдено и запрено и возилото „шкода октавија", кое го управувал М.А., а совозач бил Н.А., кое играло улога на претходница на возилото „мерцедес". Подоцна, со судска наредба, биле извршени претреси во домовите на приведените лица, при што кај М.А. биле пронајдени и одземени два пиштола, кои ги поседувал без дозвола. Во врска со настанот, во текот на денот, полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција – Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи со претставници на Комисијата за оценување на исполнетост на услови по однос на простор, опрема и кадар за добивање на одобрение за одгледување канабис за медицински цели при Министерството за здравство ќе извршат вонредни контроли во фабрики за производство на масло од канабис за медицински цели во околината на Кавадарци и Неготино. Оваа акција и заплена на дрога е уште една во низата заплени на Министерството за внатрешни работи со што недвосмислено се продолжува со бескомпромисната борба против недозволената трговија со наркотични дроги.

На 05.04.2023 во 11.15 часот во Велес, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода О.Т.(31) од Велес. Тој бил осуден на казна затвор од 11 години и 10 месеци за сторени кривични дела по член 215 и член 237 од Кривичниот законик. О.Т. бил баран по централна потерница врз основа на наредба на Казнено-поправната установа Затвор Куманово за доиздржување на осум месеци од казната. Лицето било спроведено во казнено-поправната установа за доиздржување на казната.

На 05.04.2023 во 22.30 часот во угостителски објект на подрачјето на Центар, полициски службеници го лишиле од слобода М.Д.(35) од Скопје затоа што кај него биле пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 05.04.2023 во 21.50 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Ј.(30) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 05.04.2023 во 18.20 часот кај селото Колари, кичевско, полициски службеници од ОВР Кичево ги лишиле од слобода И.М.(28) од кичевското село Другово и А.Л.(27) од Кичево. При преглед на патничко возило „алфа ромео" со кичевски регистарски ознаки, во кое биле пријавените, била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.04.2023, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода С.С.(55) од Битола затоа што физички ја нападнал неговата 37-годишна сопруга и затоа што при вршење на увидот во домот биле пронајдени и одземени четири саксии со насади од растението канабис. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 05.04.2023 околу 16.15 часот во тетовска Мала Речица, со судска наредба, полициски службеници на СВР Тетово го привеле 52-годишниот Џ.Н. од ова село за издржување затворска казна. Подоцна, лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за доиздржување на казната.

На 05.04.2023, инспектори за странци при Регионалниот центар за Гранични работи Југ во координација со Државниот инспекторат за труд извршија контрола на градилиште во Велес. При контролата биле затекнати три турски, двајца албански и еден косовски државјанин, кои работеле како градежни работници на објектот без да поседуваат работни дозволи. Државниот инспекторат за труд презел соодветни мерки кон изведувачот на работите на градилиштето. Странските државјани биле изведени пред судија за прекршоци, кој им изрекол парични глоби и мерка протерување и забрана за влез во државата.

Во текот на вчерашниот ден (05.04.2023) во периодот од 10.00 до 16.00 часот од страна на секторите за внатрешни работи и патролни тимови составени од полициски службеници од Одделот за униформирана полиција, спроведена е акциска контрола во областа на сообраќајот на територијата на цела држава, при што изречени се 269 санкции за сообраќајни прекршоци. При контролата, санкционирани се 25 возачи за возење без возачка дозвола, а шест возила биле со неисправен уред за сопирање... На вонреден технички преглед биле упатени 65 возила, а кај 14 биле констатирани технички неисправности.

Во текот на вчерашниот ден (05.04.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 210 возачи. Од нив 22 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а девет возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 103 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 107 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (05.04.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 114 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 37 санкции, девет мерки за возење без возачка дозвола, три санкции за непрописно престројување на возила. Изречени се седум мерки за користење мобилен телефон при возење, две санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 05.04.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 20 прекршоци, од кои 10 надвор од населено место и 10 во населено место. Санкционирани биле и 20 други видови на прекршоци, од кои 6 за управување возило без возачка дозвола, 1 за технички неисправно возило, 3 за нерегистрирано возило, 1 за возач почетник, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 2 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон и 5 за непрописно паркирање.

На 05.04.2023 во 16.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Христо Татарчев" во Скопје, патничко моторно возило „сузуки свифт" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.А.(70) од Скопје излетало надвор од коловозот. На местото на несреќата починале возачот и сопатникот С.О.(65) од Скопје, а смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош. Додека, со тешки телесни повреди се здобил уште еден сопатник П.Ц.(71) од Скопје констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Скопје.

На 05.04.2023 полициски службеници од Одделението за криминалистички работи при ЕВР Чаир го лишиле од слобода Р.Б.(74) од Скопје. Тој се сомничи дека во текот на денот убедил тројца малолетници од Шуто Оризари да извршат разбојништво врз Ф.П. во нејзиниот дом, при што одзеле пари. Имено, тој со возило ги однел децата до куќата и им посочил како да го извршат делото. Откако го сториле делото парите ги поделиле, од кои дел се пронајдени и ќе бидат вратени на сопственичката. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.04.2023 во 21.00 часот во СВР Скопје, од Казнено-поправната установа Затвор Скопје било пријавено дека околу 19.55 часот при контрола во соба кај осуденото лице К.А. била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 05.04.2023 во 21.30 часот на регионалниот пат Делчево-Виница, во близина на Пекланска крстосница, на место викано „Трло", по преземени мери и активности, полициски службеници од ОВР Виница го лишиле од слобода Б.Ј.(36) од с.Лаки, виничко. При контрола на патничко возило „фолксваген транспортер" со винички регистарски ознаки, било констатирано дека превезувал осум лица, односно дека вршел јавен превоз без соодветна документација. За случајот бил запознаен Јавен обвинител и по комплетирање на случајот против Б.Ј. ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Л.И.(54) од струшкото село Велешта, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Тој, во текот на февруари 2023 година, на катастарска парцела во Струга, неовластено, без соодветна документација, спротивно на закон и на основниот проект, започнал со изведување на надградба на деловен објект. Од извршениот инспекциски надзор донесено е Решение со кое на инвеститорот му се наложува да ја отстрани надградбата на деловниот објект.

На 05.04.2023 околу 16.30 часот во ОВР Гостивар било пријавено дека во гостиварската општа болница „Ферид Мурад" со тешки телесни повреди бил донесен 53-годишниот Ф.А. од гостиварско Врапчиште. Според пријавеното, тој се здобил со повредите додека извршувал работни задачи во фабрика покрај регионалниот пат Гостивар-Градец. Увид извршила екипа од Одделението за внатрешни работи Гостивар.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Ќ.К.(43) од Кичево, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". При контрола извршена на 01.03.2023 во Кичево, полициските службеници сопреле такси возило „опел вектра" со кичевски регистарски ознаки, управувано од пријавениот, при што констатирале дека не поседува лиценца за вршење јавен превоз на патници во внатрешниот сообраќај.
На 06.04.2023 во 01.30 часот од угостителски објект на подрачјето на Центар, полициски службеници од Полициската станица Центар го привеле П.Ѓ.(27) од Пехчево, затоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија, а претходно агресивно се однесувал кон присутните во објектот, лажно се претставувал и барал од гостите и вработените да се легитимираат. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 05.04.2023 во периодот од 10.00 до 16.00 часот на подрачјето на СВР Тетово била спроведена акциска контрола за техничка исправност на возилата, во која биле откриени и санкционирани две возила (ГВ), односно возачи со неисправни сопирачки, едно возило (ГВ) со истечена регистрација, а едно возило (ТЕ) кое не се јавило на технички преглед. Технички неисправните возила веднаш се исклучени од сообраќај, додека на возачите им биле изготвени соодветни поднесоци, како и на возачот кој не се јавил на преглед. Покрај ова, биле санкционирани и пет возачи (ТЕ-3 и ГВ-2) кои управувале возило без возачки дозволи, тројца возачи (ТЕ-2 и ГВ-1) кои користеле неатестирани фолии на стаклата и 17 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-11 и ГВ-6), а со соодветни поднесоци биле заокружени и 26 (ТЕ) непрописно паркирани возила.

На 05.04.2023 во периодот од 20.00 до 23.00 часот на тетовскиот дел од автопатот Гостивар-Тетово-Скопје, Полициската станица за безбедност на патниот сообраќај Тетово, со користење на т.н.„ноќен радар" спровела контрола на брзината со која се движат возилата надвор од населено место. При контролата биле преземени вкупно 14 мерки за пречекорување на максимално пропишаната брзина. Од нив, пет пречекорувања биле за повеќе од 70, а девет до 70 километри на час повеќе од дозволеното. На сите возачи-прекршители изготвени им се законски предвидените поднесоци и тие ќе се соочат со соодветни парични глоби и со мерка - времено одземање на нивните возачки дозволи од три месеци до една година.

На 05.04.2023 во 21.30 часот во СВР Скопје, С.А.(42) од Скопје пријавил дека околу 20.50 часот на подрачјето на Бит Пазар, во автобус на ЈСП, додека извршувал контрола со негов колега, по претходна расправија, бил физички нападнат од А.Н.(55) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 05.04.2023 во 17.00 часот во СВР Скопје, Б.П.(30) од Скопје пријавил дека на 04.04.2023 околу 16.50 часот на работното место на бензинска пумпа на подрачјето на Гази Баба, по претходна расправија, бил физички нападнат од неговиот колега А.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против С.Ѓ.(45) и Г.К.(33), двајцата од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 24.06.2022 во Битола, полициски службеници ги забележале пријавените како си предаваат пакување со дрога, а по извршениот претрес во домот на второпријавениот биле пронајдени и одземени марихуана, кокаин, метилендиоксиметамфетамин и семки од канабис.

На 05.04.2023 во 14.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Ѓорче Петров, поради претходно меѓусебно нетрпение, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Н.М.(25) и Е.Е.(18), двете од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против И.А.(48) од село Шипковица, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување пари" и „неовластено изработување, држење и тргување со оружје и распрскувачки материи". На 08.01.2023 во село Шипковица, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле автоматска пушка калибар 7,62мм, две рамки со 12 куршуми калибар 7,62 мм и 88 фалсификувани банкноти во разни апоени и девизи.

На 05.04.2023 во 21.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Максим Горки" настанал пожар во напуштена куќа. Екипа на Бригадата за противпожарна заштита го изгаснала пожарот, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 05.04.2023 во СВР Скопје било пријавено дека околу 00:00 часот на ул. Патрис Лумумба", три лица влегле во куќа сопственост на Ф.П.(74) и со физичка сила и закана ѝ одзеле паричник со пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Б.Д.(25) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „давање лажен исказ". На 14.03.2022 во СВР Штип - Отсек за управни работи, при поднесување на барање за издавање на возачка дозвола, пријавениот изјавил дека возачката дозвола ја има изгубено, а всушност, претходно му била одземена од полициски службеници во Република Грција поради сторен сообраќаен прекршок.

На 05.04.2023 во СВР Скопје било пријавено дека во 09.35 часот во спортска обложувалница на ул.„Карл Либкнехт" едно лице со закана кон вработената се обидело да одземе пари од дневниот промет. Увид на местото бил извршен од екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против И.Б.(18), Б.Б.(22) и Ј.В.(19), сите од село Ропаљце, општина Липково, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 20.01.2023 во село Ропаљце, пријавените, поради меѓусебни недоразбирања, физички го нападнале Ќ.М., при што И.Б. и Б.Б. употребиле и метален предмет.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против И.К.(35) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување на општа опасност". На 15.03.2023 на регионалниот пат Желино-Јегуновце, на место викано „Јанчишко рекиче", пријавениот со патничко возило „рено" се обидел да ги удри Д.Р.(46) и С.С.(62) од село Прељубиште.

На 05.04.2023 во СВР Скопје било пријавено дека во 21.35 часот во аптека на ул.„Ѓорче Петров" едно лице со закана кон вработените одзело пари од дневен промет. Увид на местото бил извршен од екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ф.М.(33) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 26.10.2022 во средно училиште во Тетово, пријавениот физички го нападнал Ф.С., додека бил на работното место наставник во училиштето.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Т.(50) од село Пирок, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 22.11.2022 на ул.„Илинденска" во Тетово, полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „форд транзит", управувано од пријавениот, при што било констатирано дека врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца издадена од надлежен орган.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет